ЗАПИСНИК

Од одржаната 36-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 31.10. 2023 г. со почеток во 10:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници беа присутни 6 членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски и Наумче Смилевски.

На 36-та седница беа отсутни советниците: Иванчо Котевски, Александар Канзуровски и Горан Велјановски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – советник и Оливера Димитровска – раководител.

Гости: Александар Митревски и Васко Ристевски претставници на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2023 г. и донесување на Одлука;
2. Разгледување на Финансиски извештај за работењето на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/23 год. и донесување на Одлука;
3. Разгледување на Барање од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци за финансиски средства за реализација на физичките активностите во учебната 2023/24 год ;
4. Советнички прашања.

Пред да се стави на гласење Дневниот ред на 36-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска им ја објасна на советниците причината за свикувањето на 36-та седница на Советот на Општина Новаци непосредно по одржувањето на 35-седница. Како причина е наведено обезбедување на непречено, ефикасно и ефективно работење на општинската администрација за што подетално ќе објасни раководителот на одделението за финансии во излагањето на првата точка од дневниот ред.

По ваквото објаснување, Советот на Општина Новаци започна со работа. Претседателката Најдовска-Стојковска го прочита Дневниот ред, кој беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **6 гласа за**.

3 точка: Разгледување и усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Новаци за 2023 г. и донесување на Одлука;

Оливера Димитровска - раководител на финансии, пред Советот им ја објасни потребата од хитното свикување на 36-та седница на Советот на Општина Новаци. Имено се појави проблем во системот во апликацијата за изготвување на Буџет поради што не беше вчитана Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година, донесена на 35-та седница одржана на 30.10.2023 г. што од своја страна го оневозможува секојдневното реализирање на Буџетот на Општина Новаци.

Поради транспарентност во работењето на одделението за финансии беше неопходно Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот повторно да добие согласност од Советот на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Новаци зе 2023 год.

2 точка: Разгледување на Финансиски извештај за работењето на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/23 год. и донесување на Одлука;

На 35-та седница советниците констатираа дека постојат несоодветности во Финансискиот извештај за работењето на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци за учебната 2022/23 год. поради што разгледувањето се одложи за оваа седница на која се присутни Александар Митревски и Васко Ристевски претставници на ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци. Истите го дадоа следното објаснување: имено во делот од Финансискиот извештај кој е наменет за надоместоци на ангажирани стручни лица т.е ментори износот е поголем од потребните 60%, затоа што во овој дел се внесени и финансиските средства што Општина Новаци им ги додели на Здружението по основ на освоени награди од државни регионални и општински натпреварувања во висина на 18.000,00 ден. Истите се повлечени од сметката и се чуваат како кеш, но не се доделени на учениците и менторите затоа што во Одлуката не е прецезирано колку проценти од тие средства се наменети за учениците, а колку процени од тие средства се наменети за менторите. По нивното објаснување се разви дискусија при што на претставниците им се скрена внимание во иднина финансискиот извештај да биде подетално и попрецизно подготвен како би се имало јасна претстава за правилното распоредување и трошење на финансиските средства што ЗУСК „Славко Лумбарковски“ – Новаци ги добива како подршка од Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2022/2023 год.

3 точка: Разгледување на Барање од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци за финансиски средства за реализација на физичките активностите во учебната 2023/24 год ;

Советниците го разгледаа Барање од ЗУСК „Славко Лумбарковски“- Новаци со кое се бараат финансиски средства во висина од 140.000,00 ден. за реализација на воннаставните активности кои ќе се реализираат по редовната настава во пет спортови : фудбал, фустал, кошарка, атлетика и пинг-понг и учество на натпревари од општинско, регионално и државно ниво. Ова ќе придонесе за афирмација и промоција на училиштето, а со тоа и на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗУСК ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2023/2024 година .

4 точка: Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дневниот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 36-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска